**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**

**“ Специјалист за заштита од пожари реф.бр. МК/ ERCP # 1.2.12”**

**Име на проект:** Проектот за итно справување со COVID 19 (ERCP)
**Кредит Бр**: 9109-MK

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

1. На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проектот за итно справување со COVID 19 (ERCP). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот што ќе се склучи за ангажирање на Специјалист за заштита од пожари реф.бр. МК/ ERCP # 1.2.12.

2. Консултантот ќе биде ангажиран со полно работно време, од 08.30 до 16.30 часот од понеделник до петок.

3. Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: https://mtsp.gov.mk/ercp.nspx

4. **Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование во областа на техничките науки;
- Лиценца за проектирање и надзор за противпожарна заштита издадена од Комората на инженери;
- Искуство во проектирање на системи и инсталации за заштита од пожари во згради и објекти;
- Најмалку 2 годишно искуство во подготовка на дизајн/мастер план и искуство во ревизија/надзор врз основа на меѓународно признати шифри за противпожарна безбедност;
- Најмалку 2 годишно искуство на проекти во Р.С.Македонија, каде што се применуваат локалните (или еквивалентни) барања за противпожарна безбедност;
- Познавање на барањата на делот за противпожарна безбедност од Општите упатства на Светска Банка.

Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org

5. За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со ERCP Проектот, е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

6. Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

7. Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **07.03.2022** година електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk, со назнака: за **реф.бр. МК/ ERCP # 1.2.12.**